РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 02-231/2
30-12-2020 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава на вработени во Институт за ------------------- на РСМ, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 45-та седница одржана на ден 29.12.2020 година донесе

## Одлука

Постапката по предметот број 12-1451 од 2019 година, оформен по пријава бр. 12-1451/1 од 13.03.2019 година доставена од вработени во Институт за ------------------- на РСМ, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметот 12-1451 од 2019 година.

Предметот со број 12-1451 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-1451 од 2019 година, оформен по пријава бр. 12-1451/1 од 13.03.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од доставена од вработени во Институт за ------------------- на РСМ.

Во пријавата се содржани наводи за нерегуларен избор на директор на Институт за ------------------- на РСМ и други наводи за неправилности. Станува збор за изразени сомневања во постапка за избор на директор на Институт за ------------------- на РСМ спроведена по јавен оглас за директор распишан на ден 01.03.2018 година.

Кон предметот со број 12-1451 од 2019 година, по заклучок на ДКСК донесен на колегиум одржан на ден 14.11.2019 година, заради постапување и одлучување на ДКСК по предмети во единствена постапка, споен е предмет со број 12-3569 од 2019 година оформен по пријава број 12-3569/1 од 16.07.2019 година, од причини што се работи за предмети оформени по две, одделно доставени, пријави од различни подносители но, со исти предметни наводи против едно исто пријавено лице – директорот на Институт за ------------------- на РСМ.

ДКСК при своето надлежно постапување по оформениот предмет, на својата 24 - та седница одржана на ден 15 ноември 2019 година, донесе Одлука со број 12-1451/9 од 22.11.2019 година која е објавена на веб страницата на ДКСК, а со која одлучи дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, до Владата на РСМ ќе поднесе барање за преземање мерки од нејзина надлежност тоа што е констатирано дека *сомневањата во доставената пријава се основани*, а постапката по предметот со број 12-1451 од 2019 година ќе продолжи и ДКСК ќе ја заврши истата по добивање на известувањето за дејствијата и мерките кои се преземени по основ на доставеното барање на ДКСК.

Барањето за постапување од страна на Владата на РСМ е заведено под архивски број 12-1451/11 од 22.11.2019 година, а со ова барање ДКСК побара од Владата да преземе мерки од нејзина надлежност по однос на конкретниот случај а во насока на преиспитување на одлуката на Советот на Институт за ------------------- на РСМ со бр. --------- од 29.03.2018 година, донесена за избор на директор на Институт за ------------------- на РСМ и тоа во делот исполнувањето на еден од условите на огласот, односно на прифаќањето на уверението издадено од „--------" ДООЕЛ Скопје, подружница -------- како замена за сертификат БУЛАТС кој се издава само од ----- -------- ---------- во Скопје како овластен агент на Универзитетот во --------, а за која одлука Владата на РСМ донела решение за давање согласност бр. --------- од 03.04.2018 година и врз основа на наодите од преиспитувањето на Одлуката на Советот на Институт за -------------------, Владата на РСМ да преземе мерки од својата надлежност во однос на извршениот избор на ------- ---------, Директор на Институт за ------------------- на РСМ.

-На ден 15.01.2020 година, до ДКСК доставено е известување со доставување на податоци и информации, со кое Владата на РСМ известува дека од нивна страна било постапено по барањето на Државната комисија и од Претседателот на Советот на Институт за ------------------- на РСМ било побарано преиспитување на Одлуката за избор на директор согласно условите на огласот. Во прилог се доставува произнесувањето на Советот на Институт за ------------------- на РСМ, доставено до Влада на РСМ на ден 03.01.2020 година, според кое:

*Во Законот за -----------------, законодавецот предвидел две можности за утврдување на исполнетоста на условот за познавање на англиски јазик при избор на директор односно, во законската одредба која ги дефинира условите за избор на лице за директор на Институтот за --- ------------, (*член 15*) сврзникот *„или"* укажува дека за утврдување на исполнетоста на бараниот услов се можни два рамноправни документа и тоа: поседување на еден од меѓународно признатите сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години (*за уверението не е наведено дека треба да биде меѓународно признато*).

*Во објавениот Оглас за избор на директор, точно биле наведени условите и доказите, потребни да се доставаат од страна на заинтересираните лица, согласно законските одредби кои важеле во времето на неговото објавување на 01.03.2018 година а во кои не се потенцирало дека

било потребно како доказ да биде доставен само меѓународно признат сертификат БУЛАТС и кој било потребно да биде издаден од ----------- ----------- на РСМ.

*Од страна на Советот на Институт за ------------------- на РСМ била донесена Одлуката за избор на директор на 29.03.2018 година согласно наведените докази во објавениот оглас, а кои биле доставени од страна на избраното лице и кои ги утврдила и Комисијата за избор на директор на Институтот.

*Уверението за активно познавање на англиски јазик издадено од „-----------" ДООЕЛ Скопје - подружница --------, било прифатено како доказ доставен во предметната постапка за избор на директор поради тоа што според Институтот тоа било validen доказ доставен согласно бараните услови и немало законска основа за оспорување на неговата важност, па со тоа Одлуката за избор на директор која била донесена од страна на Советот на Институтот била донесена согласно одредбата на член 15 од Законот за ------------------.

Со оглед на сето погоре наведено, ДКСК констатира дека по нејзиното барање е постапено од страна на надлежниот орган – Владата на РСМ, по што оцени дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметот 12-1451 од 2019 година, постапката по предметот се запира, а предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 29 декември 2020 година под бр. 12- 231/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Доставено до :
- Архива

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Ј.Ц., советник
Одобрил : м-р В.Г.,член на ДКСК

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk